**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ ПО ЗАДОЛЖЕНИЕ ОД ГРАДОНАЧАЛНИК БР.5**

Колегиумот е одржан на ден **01.04.2025 година** во **08:00** часот во **Мала сала на Општина Крива Паланка.**

**Присутни:** Градоначалник на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, раководител на Сектор Одделение за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот, **Даниела Велковска,** раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај , заштита на животна средина и одржување комунална инфраструктура, **Маја Костадиновска,** раководител на Одделение за човечки ресурси, **Игор Додевски,** раководител на одделение а администрирање на даноци, такси и надоместоци, **Емил Денчевски,**раководител на Одделение за финансиски прашања, **Марија Златановска,** раководител на Одделение за инспекциски надзор, **Бранко Велиновски**, раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков,** раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер, **Лидија Митовска,** Советник за јавни набавки и работи за седници на совет, **Биљана Тасевска,** лице за подршка на градоначалник **Јорданчо Миневски.**

**Дневен ред**

1. Информација по однос на извршените водредни анализи од акрдитирана лабороторија Технолаб за потреби на општина Крива Паланка по настанатата хаварија во Рудникот Тораница и загаденоста со тешки метали на Крива Река)
2. Извештај по однос на завршените заклучоците од одржаниот координативен состанок на ден 21.03.2025 кои што се однесуваат на мерки и задолженија предизвикани од трагедијата во Кочани.
3. Извештај од страна на Лидија Митовска по однос на процесот за репроценка на имот на територија на Општина Крива Паланка.
4. Извештај и пресек на службеникот за јавни набавки Билјана Тасевска по однос на сите моментални активни тендерски постапки.
5. Извештај по однос на тековните задолженија и дефинирање на следни приоритети на Директорите на локалните институции и Раководителите од општинската админстрација.

- Колегиумот го отвори градоначалникот, којшто на почетокот ги запозна членовите на колегиумот со фактичката состојба на Крива Река по хаваријата која што се случи на 14.03.2025 во рудникот Тораница - Булмак 2016. Градоначалникот истакна дека по извршената анализа која Општина Крива Паланка ја има нарачано ден после хаваријата, покажува големо загадување на Крива Река и дека Општина Крива Паланка ќе ги преземе сите обврски кои се во нејзина надлежност меѓу кои и дека ќе се бара од раководството на Тораница – Булмак 2016, како што стои во законските прописи, да го врати коритото на Крива Река во првобитна сосотојба. Градоначалникот рече дека, уште на денот на хаваријата, ваков лабараториски извештај има нарачано и риболовното друштво Мрена, каде се очекува резултатите да бидат уште покатастрофални.

- По однос на втората точка за извештај по однос на завршените заклучоци од одржаниот координативен состанок на ден 21.03.2025 кои што се однесуваат на мерки и задолженија предизвикани од трагедијата во Кочани. Раководителот на Одделение за инспекциски надзор, Бранко Велиновски, информираше дека, од страна на градежен иснпектор, направен е увид во состојбата на сите угостителки објекти каде се констатирани неправилности и им беше укажано како истите да ги корегираат. Направеб е увид и во сите стамбени згради во однос на нивна опременост со противпожарни апарати и хидранстка мрежа. Констатирано е дека ниту една стамбена зграда нема таква опременост. По однос на изготвување на регистарот на угостители, раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија, Антонио Давитковски рече дека согласно законот општината треба да води регистар на физички лица кои вршат угостителска дејност,но не и регистар на правни лица и таков регистар на физички лица општината веќе води.

- По однос на третата точка градоначалникот и даде збор на Лидија Митовска за излагање и краот извештај за текот на процесот на репроценка на имот, извештај за работа на комисиите. Митовска посочи дека според досегашната работа на 6-те комисии кумулативно, од целиот досега завршен процес, Општина Крива Паланка, по основ на комунална такса би собрала дополнителни 3.600.000 денари. Според нејзина проценка целиот процес треба да заврши некаде до месец Јуни 2025.

- По втората точка се дискутираше за јавните набавки што се во тек и кои треба да бидат распишани. Советникот за јавни набавки и работи за седници на совет, Биљана Тасевска, извести дека има нов систем за јавни набавки кој е посложен од сегашниот и дека е потребно да се следат обуки во овој дел.

- По однос на четвртата точка, Градоначалникот ги достави до раководителите неделните задолженија и тоа:

**До**

**Rаководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура**

**Маја Костадиновска**

1. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура за седницата на Совет закажана за 11.04.2025 петок, да превземе активности за измена и дополнување на Програмата за сообраќајна сигнализација со која што ќе се предвиди нова дополнителна активност за изработка на стручна сообраќајна студија и изработка на сообраќаен проект за надминување на проблемот на сообраќаен метеж во централното градско подрачје. Вооедно по измената на Програмата да се пристапи и кон измена на Планот за јавни набавки за 2025 година, како распишување на јавна набавка за изработка на сообрачајна студија со основен проект.

2. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура заедно со референтот за јавни набавки да подготви следен поединечен договор со економскиот оператор Битем од развојната програма за изградба,реконстукција и рехабалитација на локални улици. Исто така се задолжува раководителот да изготви налог со прецизни рокови по однос на следните планирани активности од развојната програма и обезбедување на предмер пресметки
   - Уредување на простор згради Единство,
   - рехабилитација на улица Јане Сандански крак до стари Гробишта и крак до пицерија Пет плус,
   - рехабалитација на дел од улица Никола Тесла до Самсара,
   - изградба на улица Коце Металец,
   - Уредување на јавна површина покрај Крива Река,
   - поврзување на новите градски гробишта со село Конопница и изградба на улица,
   - Рехабилитација на улица Ратко Минев крак до фурна Ванила и крак од Трештен дол до Гочко гробар,
   - изградба на улица во населба Мизолски ливади кај авто сервис,
   - Уредување на простор и рехабилитација на дел од улица Херој Карпош,
   - рехабилитација на локален пат во село Кркља и рехабилитација на локален пат во село Дурачка река)

3. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура по однос на развојната програма на општината за изградба на детски катчиња и спортски терени до економскиот оператор АГП ДОЕЛ Свети Николе да изготви писмени налози за следниве планирани активности со прецизни рокови за реализација.

- Изградба и уредување на детско катче,спортски терен во населба Бавчалк
- Изградба на детско катче на локација на технички преглед
- Изградба на детско катче во населба Осичка мала
- Изградба на детско катче во населба Домачки Дол

4. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура по однос на проектот ,,изградба на модуларна катна гаража на локација на Зелен Пазар“ писмено да го задолжи службеникот Кире Велевски за одговорен инжинер за следење на градежните активности на терен. Исто така се задолжува раководителот да превземе активности за воведување во градежните активности на економскиот оператор Конструктор, како и обебзедување на динамичен план за реализација.

5. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура по превземаните активности од страна на општината и доставата до проктната единица на проектот за измени во тек на градба за централната улица да се превземат активности за организација на почетокот на градежните активности на терен. Вооедно да се стапи во комуникација со Еуроаод по однос на обезбедување на техничка документација за предвидената изградба и уредувањето на делот кај соларски мост.

6. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура по однос на сите договори и активни постапки за обезбедување на проектна техничка докумнтација за Ваше постапување:

- Прима инжинеринг (Изградба на пречистителна станица со колекторски систем на Крива река)
- Еуророад (Изградба и уредување на јавна површина кај соларски мост, изгрдба на локални патишта: Спас-Крст, село Добровница, село Подржикоњ, Крстата падина, село Градец-Осиче)
- Параметар (Изградба на ски патеки со скијачки лифт на локација на Калин Камен)
- Аква инвест ( Изградба на водоводна линија за село Мождивњак)
- МГ проект ( Изгрдба на пристапна улица и регулација на Дурачка река)
- ГИМ ( Изградба на локален пат Спас-Крст село Конопница)

7. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура да превземе конкретни активности за обезбедување на Одобрение за градење по однос на техничката документација за изградба на дом за стари лица, подготвка на апликација и организирање на работен состанок со МТСП за усогласување на следниве чекори.

8. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура да превземе конкретни активности со МЖС по однос на постапките за потпишување на Договори за реализација на проекти финасирани од ЕИБ доделени како гранотви за општините.

9. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура на службениците Иван Велиновски и Кире Велевски да ги задолжи со конкренти писмени задолженија по однос на секоја урбанистичко-планска докумнтација поединечно. Исто така, по однос на секоја постапка поединечно да достават шематски табеларен приказ.

10. Се задолжува Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура на крајот од работната недела да достави писмен извештај за превземаните активности по однос на задолженијата.

**До**

**Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

**Никола Граматиков**

1. Се задолжува раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура за седницата на Совет закажана за 11.04.2025 петок, да превземе активности за измена и доплнување на Програмата за сообраќајна сигнализација со која што ќе се предвиди нова дополнителна активност за изработка на стручна сообраќајна студија и изработка на основен сообраќаен проект за надминување на проблемот на сообраќаен метеж во централното градско подрачје. Вооедно по измената на Програмата да се пристапи и кон измена на Планот за јавни набавки за 2025 година, како распишување на јавна набавка за изработка на сообраќајна студија со основен проект.

2. Се задолжува раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура заедно со референтот за јавни набавки да подготви следен поединечен договор од со економскиот оператор Битем од развојната програма за изградба,реконстукција и рехабалитација на локални улици. Исто така се задолжува раководителот да изготви налог со прецизни рокови по однос на следните планирани активности од развојната програма и обезбедување на предмер пресметки

   - Уредување на простор згради Единство,
   - рехабилитација на улица Јане Сандански крак до стари Гробишта и крак до пицерја Пет плус,
   - рехабалитација на дел од улица Никола Тесла до Самсара,
   - изградба на улица Коце Металец,
   - Уредување на јавна површина покрај Крива Река,
   - поврзување на новите градски гробишта со село Конопница и изградба на улица,
   - Рехабилитација на улица Ратко Минев крак до фурна Ванила и крак од Трештен дол до Гочко гробар,
   - изградба на улица во населба Мизолски ливади кај авто сервис,
   - Уредување на простор и рехабилитација на дел од улица Херој Карпош,
   - рехабилитација на локален пат во село Крклја и рехабилитација на локален пат во село Дурачка река)

3. Се задолжува раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура по однос на развојната програма на општината за изградба на детски катчиња и спортски терени до економскиот оператор АГП ДОЕЛ

Свети Николе да изготви писмени налози за следниве планирани активности со прецизни рокови за реализација.

- Изградба и уредување на детско катче,спортски терен во населба Бавчалк
- Изградба на детско катче на локација на технички преглед
- Изградба на детско катче во населба Осичка мала
- Изградба на детско катче во населба Домачки Дол

4. Се задолжува раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура по превземаните активности од страна на општината и доставата до проктната единица на проектот за измени во тек на градба за централната улица да се превземат активности за организација на почетокот на градежните активности на терен. Вооедно да се стапи во комуникација со Еуроаод по однос на обезбедување на техничка документација за предвидената изградба и уредувањето на делот кај соларски мост.

5. Се задолжува раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура по однос на сите договори и активни постапки за обебзедување на проектна техничка докумнтација за Ваше постапување:
   - Прима инжинеринг (Изградба на пречистителна станица со колекторски систем на Крива река)
   - Еуророад (Изградба и уредување на јавна површина кај соларски мост, изгрдба на локални патишта: Спас-Крст, село Добровница, село Подржикоњ, Крстата падина, село Градец-Осиче)
   - Параметар (Изградба на ски патеки со скијачки лифт на локација на Калин Камен)
   - Аква инвест ( Изградба на водоводна линија за село Мождивњак)
   - МГ проект ( Изгрдба на пристапна улица и регулација на Дурачка река)
   - ГИМ ( Изградба на локален пат Спас-Крст село Конопница)

6. Се задолжува раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура преку службеникот задолжен за следење на терен на работата на ЈП Комуналец по основ на договори за заеднички вложување да ја организира работата на терен по однос на следниве активности:

Одговорен за следење на активностите на терен ДГИ Александар Николовски

- Прилучок на канализација во село Конопница ( Трнци)
- Приклучок на канализација во село Конопница
- Изгрдба на патека во населба Метролошка
- Расчистување на депонија за градежен шут
- Отстранување на бетонски ѕид во урбан дел на течение на Крива Река по налог на државен инспектор
- Уредување на простор кај авто сервис Данче
- Канализација во населба Куков дол
- Следење на налози за работа по основ на договрот за изработка на челични конструкции.

7. Се задолжува раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура по однос на сите моментални градежни активности на терен да ги координира следниве активности за активно и секојдневно следење:

1.Одговорен ДГИ за следење и реализација на терен: Стевче Христовски

**1.1** ИЗВЕДУВАЧ БИТЕМ: Развојна програма за изградба на локални улици и патишта
Задача: ( изготовка на следен поединечен договор и налог со рокови за работа)

---

*2.*Одговорен ДГИ за следење и реализација на терен: Марјан Алексовски

**2.2** ИЗВЕДУВАЧ АГП: Развојна програма за изгрдаба на детски катчиња
Задача: (изготовка на налог со прецизни рокови за изведба)

**2.3** ИЗВЕДУВАЧ ДИНЕ ТРЕЈД: Изградба и регулација на Куков дол
**2.4** ИЗВЕДУВАЧ КОНСТРУКТОР: Изградба и уредување на зелен парк во населба Единство
**2.5** ИЗВЕДУВАЧ БЕЛЕШКОВ ИНЖИНЕРИНГ: Уредување на површина кај згради единство со бекатон плочи

---

3. Одговорен ДГИ за следење и реализација на терен: Никола Граматиков

**3.1** ИЗВЕДУВАЧ КОНСТРУКТОР: Реконструкција на огради на градски мостови
Задача: (достава на завршни ситуација и реализација на исплата)

**3.2** ИЗВЕДУВАЧ ИБО ПОП: Изградба на спортски терен и реконструкција на фасада на зграда Партизан

---

4. Одговорен за следење и реализација на терен ДГИ: Антон Јакимовски

**4.1** ИЗВЕДУВАЧ БИТЕМ: Изградба на локален пат БЗ Кошари
**4.2** ИЗВЕДУВАЧ ЦВЕТ: Изградба на канлизациона мрежа во село Конопница

---

5. Одговорен ДИА за следење и реализација на терен ДИА: Кире Велевски

**5.1** ИЗВЕДУВАЧ КОНСТРУКТОР: Изградба на модуларна катна гаража

(Организација на вовед во градежните активности и почеток на градежните активности)

**5.2** ИЗВЕДУВАЧ БИТЕМ: Изградба на централна градска улица Јоаким Осоговски

---

8. Се задолжува Раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура да превземе активности со изготовка на писмен допис до економскиот оператор Битем каде ќе се повика на членови од Договорот за гарантниот период по однос на оштетениот асфалтен слој на улица Гоце Делчев.

9. Се задолжува Раководителот на одделениот за изградба и одржување на комунална инфраструктура да го задолжи службеникот Аце Голубовски за промена на изгорените светилки и рефлектори на следниве позиции

- Промена на изгорени рефлектори во градски парк
- Промена на изгорени рефлектори парк Карчо
- Промена на изгорени рефлектори на косина Борчева кафана
- Проемена на изгорени рефлектори на клучка технички преглед
- Промена на изгорени рефлектори на клучка мотел Македонија
- Санација на изгорени светилки во речно корито
- Проемна на рефлектори на кејски ѕид во градски парк
- Промена на изгорени рефлектори на косина кај стара кожара
- Промена на изгорени топки Бабин дол

10. Се задолжува Раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура на крајот од работната недела да достави писмен извештај за превземаните активности по однос на задолженијата.

**До**

**Раководител на Оддление за финасиски прашања**

**Марија Златановска**

1. Се задолжува раководителот на одделението за финасиски прашања да превземе активности за подготовка на Кварталниот извешатај за период 01.01.2025-31.03.2025.

2. Се задолжува раководителот на одделението за финасиски прашања да превземе активности во следниот период во насока за подготовка на првиот ребаланс на Буџетот на Општина Крива Паланка, на седница закажана за почетокот на месец Мај-веднаш по потпишувањето на Договорите со Влада на РСМ за грантови на општините наменети за реализација на капитални проекти.

3. Се задолжува раководителот на одделението за финасиски прашања да превземе активности по однос на барањето на синдикатот за зголемување на основицата на плата на вработените во општинската админстрација и потпишување на Анекс на колективниот Договор, да изготви реална финансиска анализа.

4. Се задолжува раководителот одделението за финасиски прашања на крајот од работната недела да достави писмен извештај по однос на сите задолженија и тековни активности на вработение од оддление кои што не се дел од овие заклучоци.

5. Се задолжува раководителот на одделението за финасиски прашања да превземе активности со подготовка на допис до Министерство за одбрана за проблемот со ТППЕ и недостаток на основвни финасиски средства по основ на плата и прекувремени работни часови.

**До**

**Кабинет на Градоначалник**

**Јорданчо Миневски**

1. Се задолжуваат кабинетските службеници по завршувањето на градежните активности да организираат фотографирање и објава на Осички мост,Соларски мост и Шанин мост

2. Се задолжуваат кабинетските службеници во координација со инспекциското одделение да организираат кампањски активности по однос на предвидените акции на колективните постапувачи за собирање на текстилен отпат и хаварисани возила.

3. Се задолжуваат кабинетските службеници во кординација со кабинетот на МЛС во следниот период да организираат настан за планираната посета на министерот за локална самоуправа Златко Перински. Со испраќање на официјална покана во ПРИЛОГ СО АГЕНДА

4. Се задолжуваат кабинетските службеници да организираат промоција на сензорот за мерење на квалитет на воздухот кој ќе се постави на општинската зграда.

**До**

**Раководител на Одделение за човечки ресурси**

**Игор Додевски**

1. Се задолжува раководителот на Одделението за човечки ресурси да ги органзира,координира и следи следниве постапки:

- Постапки за интерни унапредувања
  - раководител на Правно одделение
  - самостоен инспектор – овластен градежен инспектор

- Постапки за унапредување по пат на јавен оглас
  - раководител на Одделение за јавни дејности

- Да се распишат следниве огласи:
  - Виш соработник за подготовка и анализа на проекти и НВО
  - Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина (На местото на емил денчевски)
  - Соработник - внатрешен ревизор на обука (испразнето место по однос на пензионирање)

2. Се задолжува раководителот на Одделението за човечки ресурси да превзме активности со кои што ќе се спроведат Одлуката од влада за давање на согласност за проемна на назив на инфраструктурни објекти во општина Крива Паланка. Промена на називот на НУ Центар за култура (Милица Стојанова) и Осички Мост ( Цане Ангелов)

3. Се задолжува раководителот на Одделението за човечки ресурси да превзме активности по однос на предвиденот законското усогласување на минималната плата заклучно со месец Март со подготовка на генерално Решение.

4. Се задолжува раководителот на Одделнието за човечки ресурси да превземе активности за изготви план за искорисување на денови од преостанатиот дел од годишните одмори од претходната година.

**До**

**Раководител на Одделение за админстрирање на даноци и комунални таски**

**Емил Денчевски**

1. Се задолжува Раководителот на даночното одделение да превземе активности за сите правни и физички лица кои што имаат истакнати рекламни паноа да се задолжат со соодветна комунална такса. Рок за постапување 10 работни денови

2. Се задолжува Раководителот на даночното одделение да превзме активности со кои што ќе се изврши потпишување на анекс кон основниот Договор со економскиот оператор задолжен за одржување на базата на податоци во даночното оддделение и одделнието за финасиски прашање за ажурирање и надградба на софтерот со можност за нови модули за поефикасно работење на двете одделенија. Рок за постапување 10 работни денови.

3. Се задолжува раководителот на даночното одделение да превземе активности по однос на одржаниот координативен состанок на ден 21.03.2025 и заклучоците донесени на истиот кои што се однесуваат за трагичниот случај во Кочани.

4. Се задолжува раководителот на даночното одделение на крајот од работната недела да достави писмен извештај по однос на сите задолженија и тековни активности на вработение од оддление кои што не се дел од овие заклучоци.

**До**

**Директор на ЛУ Градски музеј**

**Драган Величковски**

1. Се задолжува Директорот на ЛУ Градски музеј да превземе активности за следење на процесот на уредување/реализација на проектот за партерно уредување на старото школо во Градец. Да се организира фино уредување и чистење на просторот со кастрење на гранки,грмушки,изнесување на градежен шут и грдежен матријал.

2. Се задолжува Директорот на ЛУ Градски музеј да превземе активности за изработка на технички проект за изведба на настрешница во задниот двор на Градски мзуеј

3. Се задолжува Директорот на ЛУ Градски музеј да превземе активности зза ангажирање на лице кое ќе се задолжи за подготвка на фото и видео матриајл со сето она што како активност беше реализирано од програмата ,,Град на култура''како и за изработка на публикација со сите реалзирани настани

4. Се задолжува Директорот на ЛУ Градски музеј да превземе активности од програмата за култура на општина Крива Паланка со кои ќе отпочне со подготовка и организација на настанот предвиден за Велигденските празнувања.

5. Се задолжува Директорот на ЛУ Градски музеј да превземе активности за зградата на ЛУ Градски музеј кон изготвка на  проценка за загрозеност од природни непогоди, план за заштита и спасување, правилници за заштита од пожари одобрени од ДЗС, проверка на електрична инсталација, проверка на панични светла, громобранска инсталација, проверка на активна хидрантска мрежа, ПП апарати, проценка на ризик на работно место, изготвување на шема за евакуација и вежба за евакуација.

**До**

**Раководител на Сектор за правни и општи работи,јавни дејности и поддршка на Градоначалник**

**Даниела Велковска**

1. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник да превземе активности по однос на сите моментални постапки кои што општината ги има по однос на експроријација на имот на физички лица. Доизградба на водоводна линија Крива Паланка село Конопница.

2. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник преку службеникот задолжен за реализација на програмата за социјална и детска заштита да превземе активности за подготовка и корекција на апликацијата до МТСП за обезбедување на финасиски средства за реализација на проектот ,,изградба на дом за стари лица“

3. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник преку службеникот задолжен за реализација на програмата за социјална и детска заштита да превземе активности во координација со општинската организација на Црвен Крст-Крива Паланка за подготвителни активности за воведување на социјалната услуга ,,ИТНО КОПЧЕ“

4. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник да ја следи и кординира постапката за продажба на објектот сопственост на општина Крива Паланка во село Огут

5. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник да ја разгледа правната можност за раскинување на Договорот со здржението на воени инвалиди-општински објект во село Трново.

6. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник да изготви полномошно за поведување на судска постапка и правно застапување на општината кон физички лица сторители на матријална штета на имот на општината предизвикана од сообраќајна незгода (оштетена ограда дол Нимулија и оштететни дрвца спортив Кам маркет)

7. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник да превземе активности за организација на следната седница на Советот на Општина Крива Паланка предвидена да се одржи на 11.04.2025 петок со проследување на информација до раководителите од општинската админстрација и локалните општински институции.

8. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и ошти работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник преку службеникот за јавни набавки да превземе активности за коплетирање на започнатите тендерски постапки се до нивно финално завршување со потпишување на Договори.

   Моментални активни тендерски постапки:

   - Надзор на градба
   - Набавка на електрична енергија 04.04.2025
   - Набавка на средство за дезинсекција и услуга заземјено прскање
   - Услуга за заловување на бездомни кучиња скитници
   - Сервисирање и одржување на моторни возила
   - Работа со градежна механизација 03.04.2025
   - Поставување на хоризинтална и вертикална сигнализација

- Набавка аканцелариски матријал
- Набавка на армирано бетонски елементи и цевки
- Набавка на тонери
- Тековно одржување на јавно осветлување
- Извршување на решенија на градежен инспектор
- Набавка на гуми за моторни возила
- Работи со камион дигалка за потреби на општината

9. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и оштии работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник преку службеникот задолжен за реализација на програмата за култура да го задолжи за превземање на конкретни активности за подготовка на настани предвидени со самата програма за месец Април,Мај и Јуни, како и активности за подготовка на прогрмата за кривопаланечкокултурно лето 2025 година.

10. Се задолжува раководителот на Сектор за правни и оштии работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник преку службеникот задолжен за реализација на програмата за спорт да го задолжи да превземе конкретни активности за подготовка и организација на активностите предвидени во програмата за спорт за месец Април,Мај и Јуни.

Се задолжува раководителот на Сектор за правни и оштии работи,јавни дејности и поддршка на градоначалник по однос на сите задолженија, како и по однос на тековните активности да изготви писмен извештај за превзементите и завршените задолженија.

**До**

**Директор на ЈП Комуналец**

**Далибор Стојановиќ**

1. **Се задолжува Директорот да ја организира работата на терен по однос на заедничките градежните активности со ЈП Комуналец и општина Крива Паланка**
    - Приклучок канализација во село Конопница ( крак Емил Денчевски)
    - Приклучок на канализација во населба Трнци
    - Изградба на калдрама во населба Метролошка ( обнова на постоечка калдрама и крак до последното домаќинство)
    - Расчистување на депонија за градежен шут ( по известување на инспектор)
    - Остранување на бетонски ѕид во урбан дел на течение на Крива Река ( по Решение на инспектор), и одстранетиот дел да се искористи за стабилизација на мостови во населба мизолски ливади)
    - Насипување и трупање на депонијата за комунален отпад со земјен матријал од Хантерс.
    - Уредување на простор пред  авто сервис Данче

2. Се задолжува Директорот на ЈП Комуналец да закаже седница на УО на која ќе се донесат сите неопходни Одлуки кои што се и зависни и со Одлуки на Совет кој ќе се одржи наместнки за потреби на ЈП Комуналец.

3. Се задолжува Директорот на ЈП Комуналец да превзме актовности со кои што ќе се распишат јавните огласи за вработување на даватели на услуги.

4. Се задолжува Директорт на ЈП Комуналец во најраток временски период да ги се стави во секојдневна функција тракторската метларка за метење и миење на споредни улици, цистерната за миење на јавни површини и улици од втора и третта зона.

5. Се задолжува Директорот на ЈП Комуналец да ја подигне од сервис тракторската косачка за потреби на сектор Зеленило. Исто така се задолжува да се определи лице кое ќе биде задолжено за оваа активност.

6. Се задожува Директорт на ЈП Комуналец во најбрз временски период да организира сервисирање на комбето,цистерна,возилото на електричарите и останатиот возен парк за нормално и секојдневно функционирање на претпријатието.

7. Се задолжува Директорот на ЈП Комуналец да се превземе сериозни мерки кон вработените и раководителите околу непродуктивноста на терен, неизврешените задачи, нередовноста, заминувањето од работа пред истекот на работното време и сл.

8. Се задолжува Директорт на ЈП Комуналец секојдневно да ја организира работата не терен со делегирање на писмени задолженија и отчет на извршените задолженија. Исто така се задолжува за потреби на секор Зеленило да се додели едно од ново набавените камиончиња наменти за зимско одржување, додека за потреби на електричарите да им се додели белото камионче.

9. Се задолжува Директорот на ЈП Комуналец да превзме активности по однос на одржаниот координатвен состанок од трагиниот случај во Кочани и следниве заклучоци:

    - Се задолжуваат ЈП Комуналец и ТППЕ Крива Паланка да извршат проверка и санација на оштетените позиции на хидрантската мрежа на територија на Општина Крива Паланка. Рок за постапување за проверка на хидранстката мрежа е 3 работни денови. Рок за санација на оштетената хидрантска мрежа, 10 работни денови. По однос на ова задолжение да се достави писмен извештај до Градоначалникот.

    - Се задолжува ЈП Комуналец по однос на сите спортски објекти со кои што стопанисува да изготви соодветен план за справување со природни непогоди, план за заштита и спасување, правилници за заштита од пожари одобрени од ДЗС, да изврши проверка на електрична инсталација, проверка на панични светла, проверка на ПП апарати, проверка и санација на хидрантска мрежа, да изготви план за проценка на ризик на

работно место, шема за евакуација, проверка на громобранска инсталација. Рок за постапување 5 работни денови. По однос на ова задолжение да се достави писмен извештај до Градоначалникот.

## ЗАДОЛЖЕНИЈА ЗА СЕКТОР ЈАВНА ЧИСТОТА И КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

1. Се задолжува секторот за јавна чистота и комунална хигиена да организира дневно миење на градскиот плоштад,градскиот парк, плоштадот пред општина и зелениот градски пазар на ден 04.04.2025 петок.
2. Се задолжува секторот за јавна чистота и комунална хигиена да организира расчистување и уредивање на просторот кај старото училиште во село Градец
3. Се задолжува секторот за јавна чистота и комунална хигиена да организира продолжување на активноста за чистење на сливници,канали,решетки,долови.
4. Се задолжува секторот за јавна чистота и комунална хигиена за потреби на скторот согласно Одлуката на управниот одбор на ЈП Комуналец времено да ангажираат физички лица кои што од различни причини неможат нормално да ги подмират месечните обврски.
5. Се задолжува секторот за јавна чистота и комунална хигиена да постапи согласно известувањето и налогот од Градоначалник за организирање на акција за расчистување на складиран комунален отпад во домот на физичкото лице Јане Ангеловски ул. Индустриска бр.16 по извршениот водреден исnпекциски надзор од страна на општинскиот инспекторот за животна средина.

## ЗАДОЛЖЕНИЈА ЗА СЕКТОР ЗЕЛЕНИЛО

1. Се задолжува секторот за зеленило да ја организира работата на терен за уредување на површините од речното корито од спортски комплекс до градски базен со поставување на муљ и сеење трева. За оваа потреба секојдневно да се контаира со економскиот оператор Дине трејд за обезбедување на муљ.
2. Се задолжува секторот за зеленило да ја организира теренската активност за доовршување на уредувањето на теренот на спортскиот комплекс во село Конопница Тополки со сеење на трева,фино уредување околу изградeното и поставено игралиште и спортски терен, уредување на пристапниот пат.
3. Се задолжува секторот зеленило да ја организира теренската активност на второ фарбање со вар на дрворедите од централната улица,градскиот парк и речното корито.
4. Се задолжува секторот зеленило да превзме активности и ставање во функција градската фонтана во градскиот парк.
5. Се задолжува секторот зеленило за потреби на уредување на градскиот парк и обнова на декоративните форми да изврши набавка на: ( бел и сив декоративен камен од Жути пласт) ( жолти и црвени тресКи од Ристови)
6. Се задолжува секторот зеленило да организира косење на градскиот парк, паркот кај Карчо и остнати косини според Ваша проценка.
7. Се задолжува секторот зеленило да организира уредување на просторот кај авто сервис Данче со поставување на муљ и сеење на трева.
8. Се задолжува сектор зеленило да организира кастрење на грмушки,гранки и расчистување на просторот околу школото во село Градец.

9. Се задолжува секторот зеленило да распише јавна набавка за декоративни зимзелени дрвца.
10. Се задолжува секторот зеленило за потреби на вашиот сектор и тернските задолженија да се ангажираат затворските работници.

## ЗАДОЛЖЕНИЈА ЗА СЕКТОР ВОДОВОД И КАНЛИЗАЦИЈА

1. Се задолжува секторот за водовод и канализација да превзме активности за санација на оштетените позиции на хидрантската мрежа на територија на Општина Крива Паланка.По однос на ова задолжение да се достави писмен извештај до Градоначалникот.
2. Се задолжува секторот за водовод и канализација на терен да ја организира градежната активност за приклучок на канализациона мрежа во село Конопница, во населба Трнци и крак Конопница.
3. Се задолжува секторот за водовод и канализација да ја организира активноста на терен за санација на зачепена канализациона линија во населба Стамболици.
4. Се задолжува секторот за водовод и канализација да ја организира активност за санација на шахти на улица Ацо Шопов, улица Никола тесла и улица Гоце Делчев.
5. Се задолжува секторот за водовод и канализација да ја организира работата на терен за приклучок на физички лица од село Конопница, населба Чивлк кои што имаат извршено уплата за приклчок.
6. Се задолжува секторот за водовод и канлизација да ја организира работата на терен по однос на градежната интервенција на изградба и регулација на Куков дол.

**УКАЖУВАЊЕ ДО СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ДЕКА НЕ СЕ ПОСТАПУВА СОГЛАСНО ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД КОЛЕГИУМ И ГРАДОНАЛАНИК И ЗА ИСТИТЕ НЕ СЕ ДОСТАВУВА ИЗВЕШТАЈ НА ЗАВРШЕНИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА.**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА ЗА РАБОТА НА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

1. Се задолжува градежната механизација да биде ставена во функција на уредување на просторот во село Конопница со вадење на земјен матријал кој ќе биде искористен за уредување на речното корито од спортски комплекс до градски базен. Порамнување и тампонирање на пристапот до спортскиот терен со матријал од Крива Река.
2. Се задолжува градежната механизација да биде ставена во функција за довршување на отстранувањето на градежниот шут кај авто сервис Данче и фино уредување на просторот.
3. Се задолжува градежната механизација да се организра на активност за уредување и обезбедување на пристап на депонијата за инертен отпад.

4. Се задолжува градежната механизација да се стави во функција каде што ќе се организира целосно трупање на депонијата за комунален отпад со земјен матријал од ископот на инвеститор Хантерс.
5. Се задолжува градежната механизација да се стави во функција и организира кршење на бетонскиот ѕид во коритото на Крива Река по налог на државниот инспектор за животна средина.

**УКАЖУВАЊЕ ПО ОДНОС НА ЗАДОЛЖЕНИЈА ЗА РАБОТИ НА ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА ПО НАЛОГ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, ДЕКА НЕ СЕ ПОСТАПУВА СОГЛАСНО ЗАКЛУЧОЦИТЕ ОД КОЛЕГИУМ И ГРАДОНАЛАНИК И ЗА ИСТИТЕ НЕ СЕ ДОСТАВУВА ИЗВЕШТАЈ НА ЗАВРШЕНИТЕ ЗАДОЛЖЕНИЈА.**

**Г Е Н Е Р А Л Н О З А Д О Л Ж Е Н И Е**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА ДИРЕКТОРОТ И РАКОВОДИТЕЛИТЕ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ, НА КРАЈОТ ОД РАБОТНАТА НЕДЕЛА ДА ИЗГОТВАТ ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ПО ОДНОС НА СЕКОЕ ПОЕДИНЕЧНО И РЕДОСЛЕДНО ЗАДОЛЖЕНИЕ ЗА ПРОГРЕСОТ,ДИНАМИКАТА И СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА.**

**До**

**Раководител на Одделение за инспекциски надзор**

**Бранко Велиновски**

1. Се задолжува Раководителот на инспекциското одделение да превземе активности во координација со ЈП Комуналец, согласно извршениот вонреден инспекциски надзор на општинскиот инспектор за животна средина на улица Индустриска бр.16 за расчистување на складиран комуинален отпад во дворот на лицето Јане Ангеловски.

2. Се задолжува Раководителот на инспекциското одделение да превземе активности и насоки до ЈП Комуналец за расчистување,уредување и обезбедување на пристат за овозможување на нормално и секојдневно одлагање на градежен шут на депонијата за инертен отпад

3. Се задолжува Раководителот на инспекциското одделенеие да превземе активности и насоки до ЈП Комуналец со кои што земјениот матријал од ископот на приватниот инвститор ќе се искористи засоодветно трупање на депонијата за комунален отпад.

4. Се задолжува Раководителот на инспекциското оддление да  превзме активности и насоки до ЈП Комуналец, а по налог на државниот инспекторат за остранување на бетонскиот ѕид во урбаниот дел на течението на Крива Река за постапување и остранување.

5. Се задолжува Раководителот на инспекциското одделение да превземе подготвителни активноси кон организација на настанот ,,Генералка викенд“

6. Се задолжува Раководителот на инспекциското оддление да постапи по однос на заклуоците од одржаниот координативен состанок на ден 21.03.2025 петок по однос на трагаичниот случај во Кочани.Општинските инспектори, комуналниот инспектор, инспекторот за животна средина, градежниот изнспектор да извршат вонредни инспекциски надзори на територија на општина Крива Паланка над правни и физички лица кои вршат угостителска дејност и да превземат мерки согласно Законот за градење, Законот за животна средина, Законот за јавна чистота и останати Закони и подзаконски акти кои ја регулираат соодветната материја. За извршените вонредни инспекциски надзори да достават соодветни писмени извештаи за превземените надзори и активности.

7. Се задолжува Раководителот на инспекциското одделение да превземе активности по однос на договорите со колективните постапувачи за организирање на акции за собирање на текстилен отпад како и за одбележување на хаварисани моторни возила.

8. Се задолжува Раководителот на инспекциското одделение да превземе активности за попис на сите истакнати рекламни паноа и табли на територија на Општина Крива Паланка за потреби на Даночното одделение и нивно воведување во даночниот регистар.

9. Се задолжува раководителот на инспекциското одделение на крајот од работната недела да достави писмен извештај по однос на сите задолженија и тековни активности на инспекциското оддление кои што не се дел од овие заклучоци.

**До**

**Раководител на Одделение за Локален економски развој и евроинтеграции**

**Антонио Давитковски**

1. Се задолжува раководителот на одделението за ЛЕР и евроинтеграции да постапи по однос на превземање на активности за отпочнување на постапка за избор на најполовен економски оператор-Изведувач на градежните активности за изградба на адрелински парк на локалитет Калин Камен.

2. Се задолжува раководителот на одделението за ЛЕР и евроинтеграции да постапи по однос на превземање на активности со кои што активно ќе се следат и координираат активностите по однос на проектот ПАРКС.

   - Ставање во функција на сензор за мерење на квалитет на воздухот и негова промоција на социјалните мрежи со прикажани официјални резулатати и начин на користење
   - Изработка на зелен катастар
   - Градежни активности на терен

3. Се задолжува раководителот на одделението за ЛЕР и евроинтеграции да постапи по однос на превземање на активности од заклучоците на одржаниот координативен состанок на ден 21.03.2025 по однос на трагичниот настан во Кочани.

   - Отпочнување на постапка за воведување на Регистер на угостители
   - Одговор на официјален допис до МВР по однос на барање информација за активни угостителски субјекти на територија на општина Крива Паланка.

4. Се задолжува раководителот одделението за ЛЕР и евроинтеграции на крајот од работната недела да достави писмен извештај по однос на сите задолженија и тековни активности на вработение од оддление кои што не се дел од овие заклучоци.

**До**

**Комунален редар**

**Анета Милковска**

1.Вторник 01.04.2025

- ✓ Метење на улица Метролошка и Баглак

2.Среда 02.04.2025

- ✓ Метење на улица во населба Трновска мала

3.Четврток 03.04.2025

- ✓ Темелно метење на централна градска улица од технички преглед до Житни магацин

4.Петок 04.04.2025

- ✓ Темелно метење на централна градска улица од Житни магацин до градски музеј

5. Сабота 05.04.2025

- ✓ Темелно метење на централна улица од мотел Македонија до градски плоштад

Препорака: Сите задолженија ќе бидат доставени преку архива до надлежните Одделенија, Сектори и институции. Раководителите и директори согласно насоките треба да доставата писмени извештаи за сите дадени задолженија најдоцна до одржување на следниот колегиум.

Колегиумот заврши во 10:35 минути.